**20240831683**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 77 став (11) и (12), 77-з став (3) и 77-ј став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019 и 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 28.3.2024 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА АГЕНТИ НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА

Член 1

Во Правилникот за агенти на пензиски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 184/2019 и 268/2023) член 3 ставот (4) се менува и гласи:

„Доказите за исполнување на условите за полагање на испитот за агент треба да бидат скенирани или потпишани со електронски потпис, читливи и на македонски јазик или преведени од овластен судски преведувач.“

Ставот (5) се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-490/3
1 април 2024 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Максуд Али,** с.р.